Врз основа на член 40 од Статутот на ЏФРСМ, Извршниот одбор на ЏФРСМ на седницата одржана на ден 12.12.2024 година во Кавадарци го усвои следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ЏУДО КЛУБОВИ И НАТПРЕВАРУВАЧИ ВО ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат условите и начинот на регистрирање на џудо клубовите и поединечните членови, преминот на натпреварувачите од еден во друг клуб, обесштетувањата, висината на годишната членарина на клубовите и таксата за регистрирање, жалбената постапка и матичната евиденција.

### Член 2

Целта на регистрацијата е да се обезбеди точна евиденција и да се регулираат правата за настап на клубовите и натпреварувачите на натпревари кои ги организира Џудо Федерација на Северна Македонија (во натамошниот текст – ЏФСРМ), Балканската Џудо Федерација, Европската Џудо Унија и Светската Џудо Федерација.

### Член 3

Регистрирањето на клубовите и натпреварувачите и евидентирањето на договорите меѓу клубовите и натпреварувачите ги врши Комисијата за регистрирање, формирана од Извршниот одбор на ЏФСРМ.

### Член 4

Натпреварувачката сезона во џудо во Македонија трае од 1 јануари до 31 декември, а преодниот рок трае од 1- 31 јануари наредната година.

## 2. РЕГИСТРИРАЊЕ НА ЏУДО КЛУБОВИТЕ

### Член 5

За зачленување на џудо клубовите во ЏФСРМ потребно е до Комисијата за регистрирање да се поднесе:

- Барање за зачленување во ЏФСРМ;
- Решение од централен регистар на РМ за регистрирање на џудо клубот;

- Статут на клубот;
- Доказ дека ги исполнува предвидените услови со член 10 од Законот за спорт;
- Записник од основачкото Собрание;
- Лични податоци за претседателот и секретарот на џудо клубот;
- Доказ за платена годишна членарина за регистрација.

Член 6

Комисијата за регистрирање по прегледот на поднесените документи и исполнетоста на условите, во рок од 15 дена дава свое мислење и предлог до Извршниот одбор, кој на својата прва седница го става на дневен ред предлогот и донесува Одлука за прием на клубот како привремен член. Собранието на ЏФСРМ на својата прва седница, како последна точка на дневниот ред, го поставува приемот на клубот во ЏФСРМ како редовен член.

Член 7

Клубот што има статус на привремен член ги има истите права како и редовните членови освен правото на глас и избор на неговите членови во органите на ЏФСРМ.

Член 8

Членувањето во џудо клубот во ЏФСРМ може да престане:
- Барање од клубот за истапување од членство на ЏФСРМ, за што е потребно да поднесе барање и одлука за истапување донесена од Собранието на клубот;
- Со одлука на собранието на ЏФСРМ за исклучување од членство заради непочитувањето на нормативните акти на ЏФСРМ;
- Со бришење од евиденција заради немање спортски активности во организација на ЏФСРМ од најмалку две последователни години;
- Заради спојување со друг џудо клуб кој е уредно зачленет во ЏФСРМ.

Во овој случај членовите на клубот кои не се сложуваат да преминат во другиот клуб имаат право да се регистрираат и да настапат веднаш, за било кој друг џудо клуб, кој веќе е уредно регистриран во ЏФСРМ.

## 3. РЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИ

Член 9

Секое лице може да се пријави и да се регистрира за џудо клуб како натпреварувач, под услови утврдени со овој правилник:
- Натпреварувачите можат да настапат на натпревар во организација на ЏФСРМ само ако се уредни регистрирани за одреден џудо клуб за соодветна натпреварувачка сезона;

- Натпреварувачот се стекнува со право за настап на натпреварувањата во организација на ЏФРСМ по извршената регистрација согласно условите предвидени во овој Правилник;
- Секое доставено барање кое ќе биде некомплетно со документација која е предвидена за регистрација, пререгистрација или запишување на нов член нема да биде прифатено.
-Пријавите и Барањата за регистрација и пререгистрација се поднесуваат во писмена форма до канцеларијата на ЏФРСМ во Скопје
-Комисијата одлучува во рок од 15 календарски денови од денот на приемот на барањето во канцеларијата на ЏФРСМ во Скопје.
-Комисијата заседава најдоцна во рок од 15 календарски денови по истекот на рокот предвиден за пререгистрација и регистрација на џудисти од еден во друг клуб од 1 до 31 јануари.

Член 10

За натпреварувач кој за прв пат се регистрира, до Комисија за регистрирање се поднесува:
- Барање за регистрирање од клубот
- Заверена пријава од клубот;
- Две фотографии 6 x 4 см;
- Согласност од натпреварувачот дадена со своерачен потпис во пријавата;
- Фотокопија на документ за лична идентификација (извод од матична книга на родени, лична карта или пасош);
- Доказ за платена такса за регистрирање на натпреварувачот;
- Доказ за извршено Годишно осигурување со ПОТВРДА издадена од осигурителна компанија на име на натпреварувач.

За малолетните натпреварувачи согласноста од алинеја 3 од овој член ја потпишува еден од неговите родители или старател. Доколку помеѓу клубот и натпреварувачот постои договор, истиот се потпишува во три примероци, од кои еден се поднесува и заверува во ЏФСРМ. Ако таков договор постои, а не е поднесен во ЏФСРМ, без оглед што е потпишан ќе се смета за неважен.

Регистрацијата на натпреварувач кој се регистрира за прв пат, се врши во текот на целата натпреварувачка сезона со право на настап после 20 календарски денови од регистрацијата.

Член 11

Регистрирање на натпреварувач кој еднаш бил заведен во матичната книга на натпреварувачи, може да се направи само во преодниот рок и за тоа потребно е да се поднесе:
- Натпреварувачка легитимација;
- Доказ за платена такса за регистрирање;
- Доказ за извршено Годишно осигурување со ПОТВРДА издадена од осигурителна компанија на име на натпреварувачот.

Член 12

За регистрирање на натпреварувач кој преоѓа од еден во друг клуб потребно е да се поднесе:

- Барање за регистрирање од клубот;
- Пријава заверена од клубот;
- Една фотографија 6 x 4 см;
- Изјава од натпреварувачот дека доброволно преоѓа во другиот клуб со своерачен потпис во пријавата;
- Исписница од клубот за кој бил регистриран и настапил во претходната година
- За натпреварувач кој е евидентиран во матичната книга на натпреварувачи, а не е регистриран во претходната натпреварувачка сезона за клубот каде што е евидентиран не е потребна исписница од истиот;
- Доказ за извршена уплата за обесштетување доколку има потпишан и заверен договор во ЏФСРМ или уплата за обесштетување според предвидените нормативи за натпреварувачи кои немаат потпишано договор со клубот.

За малолетни натпреварувачи кои го менуваат клубот мора да има писмена согласност и од еден од родителите или старател.

Член 13

Исписница со податоците на барателот треба да биде заверена со печат и потпис од извршниот орган на клубот.

Важноста на исписницата е само за време на преодниот рок од тековната година.

На барањето исписница клубот е должен да одговори, позитивно или негативно во рок од 8 дена од приемот на барањето.

Во случај клубот да го одбие издавањето Исписница, а натпреварувачот смета дека одбивањето е неправилно, тој може да се обрати до Комисијата за регистрирање на ЏФСРМ, која одлучува дали причините за неиздавање на Исписница се правилни или не.

Во случај клубот да не одговори во пропишаниот рок на Барањето за исписница, ќе се смета дека е согласен за издавање исписница.

Барањето за исписница се поднесува со препорачано писмо, или непосредно до клубот со регистриран датум на приемот.

Копија од барањето задолжително се поднесува и до Комисијата за регистрирање.

Член 14

Натпреварувач кој сака да го промени клубот во кој членува, тоа може да го стори согласно одредбите од овој Правилник и тоа само во преодниот рок од 1 до 31 јануари.

Член 15

Овластениот претставник на џудо клубот должен е во пријавата за регистрирање да внесе точни податоци и со својот потпис и печат на клубот да потврди дека натпреварувачот своерачно и во негово присуство потпишал.

Доколку се утврди дека податоците за натпреварувачот се неточни, против клубот или неговото овластено лице се покренува дисциплинска постапка.

На натпреварувач кој дал согласност и ја потпишал пријавата за регистрирање во некој клуб, а во меѓувреме, до регистрирањето потпишал друга пријава за регистрирање во друг клуб, втората пријава е неважечка а против него ќе се поведе дисциплинска постапка.

Член 16

Дисциплинската казна изречена од клуб после барањето за исписница нема да влијае врз постапката за нејзино издавање.

Дисциплинската комисија на клубот должна е писмено да ја извести ЏФСРМ за изречена дисциплинска казна и во тој случај натпреварувачот го губи правото за премин во друг клуб се до истекот на траењето на казната.

Член 17

Натпреварувач во никој случај не може во иста натпреварувачка сезона да настапи за два џудо клуба.

Член 18

За натпреварувачи кои се наоѓаат на отслужување на воен рок, важат прописите на АРМ. За тоа време тој може да настапи само со дозвола на надлежните органи во АРМ.

Член 19

Клубот и натпреварувачот можат да склучат договор со кој ги регулираат меѓусебните права и обврски, а посебно прашањата за времетраењето на регистрацијата на клубот, условите за натпреварувачот, обесштетувањето при раскинување на договорот (поради неисполнување на условите од договорот, поради предвремен премин во друг клуб) и др.

Договор се склучува најмалку на 1 година, а најмногу на 4 години исклучиво за време на преодниот рок.

Еден примерок од договорот задолжително се доставува до ЏФСРМ на заверка и евиденција. Во случај на спор во врска со обесштетувањето, висината ја определува Извршниот одбор на ЏФСРМ.

Член 20

Ако натпреварувачот и џудо клубот немаат склучено договор, при промена на клуб, ќе се применува плаќањето на обесштетување според категоризацијата на спортисти- џудисти, усвоена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите во спортот или доколку поинаку не е предвидено со договорот:

а) Спортист од светска категорија _ _ _ _ _ _ _ _ _ 600 бодови;
б) Спортист од меѓународна категорија _ _ _ _ _ 400 бодови;
в) Спортист од државна категорија_ _ _ _ _ _ _ _ _ 200 бодови;
г) Останати спортисти _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ 100 бодови.

Вредноста на бодот на предлог на Комисијата за регистрација ја одредува Извршниот одбор на ЏФСРМ, со своја одлука најмалку 30 дена пред почетокот на преодниот рок. Ако извршниот одбор не донесе ваква одлука, ќе важи износот од претходната година.

Натпреварувачот ќе може да се регистрира за клубот во кој преоѓа, откако ќе биде уплатена предвидената сума за обесштетување.

Натпреварувачот и клубот можат да постигнат договор и за помал износ за обесштетување или за премин во друг клуб без обесштетување.

Обврската за плаќање на обесштетување не постои ако:

- Матичниот клуб во кој натпреварувачот членува престане да постои;
- Клубот ја нема платено својата членарина во ЏФСРМ, повеќе од една година;
- Натпреварувачот нема потпишано договор и во претходната натпреварувачка сезона или не настапил воопшто на ниту еден натпревар.

Член 21

По истекот на преодниот рок, во рок од 15 календарски денови Комисијата за регистрирање објавува конечна листа на регистрирани натпреварувачи за тековната сезона.

## 4. ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

Член 22

На одлуката на Комисијата за регистрирање може да се поднесе приговор или жалба (жалба од прв степен) во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката. Жалбата може да ја поднесе клуб или поединец.

Сите жалби се поднесуваат во писмена форма до канцеларијата на ЏФРСМ во Скопје со доказ за извршена уплата.

Комисијата за регистрација е должна на ваков приговор или жалба да донесе одлука во рок од 8 дена по пристигнување на жалбата во канцеларијата на ЏФРСМ во Скопје.

По одлуката по повод жалбата од прв степен која ја донела Комисијата за регистрација (првостепена) може да се поднесе жалба до Извршниот одбор на ЏФСРМ. Рокот за поднесување жалба од втор степен е 15 дена од приемот на првостепената одлука.

Извршниот одбор на ЏФСРМ е должен во рок од 30 календарски дена да расправа по жалбата и писмено да го извести подносителот за исходот на расправата односно за донесената одлука.

Одлуката на Извршниот одбор е конечна.

На одлуката на Извршниот одбор, незадоволната страна може да се обрати до Надзорниот одбор со иницијатива за испитување на одлуката.

Вложената жалба нема да се земе во постапка доколку не е уплатена предвидената такса од 2.000,00 денари за жалба во прв степен и 4.000,00 денари во втор степен.

До донесувањето на конечна одлука по жалбата, натпреварувачот ги задржува сите права како регистриран натпреварувач.

Ако во жалбената постапка се потврди дека регистрацијата на натпреварувачот не е извршена во согласност со одредбите на Правилникот, се поништува регистрацијата и се покренува дисциплинска постапка против оние кои го направиле прекршокот, а сите постигнати резултати на натпреварувачот односно екипата се поништуваат.

## 5. МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 23

Комисијата за регистрирање води евиденција за зачленетите клубови и поединци во Матичната евиденција. Таа се состои од:

- Регистер на клубови;
- Регистер на членови ;
- Регистер на почесни членови;
- Пријава;
- Личен картон;
- Натпреварувачка легитимација

Член 24

Натпреварувачката легитимација е документ со кој се потврдува дека натпреварувачот е регистриран во ЏФСРМ за одреден џудо клуб.

Со натпреварувачката легитимација се утврдува правото на настап на натпреварувачот.

Во натпреварувачката легитимација покрај регистрацијата за одредена година се забележува и лекарскиот преглед кој не смее да биде постар од 6 месеци. Лекарскиот преглед е впишан во натпреварувачката легитимација со потпис на лекарот и печат на здравствената организација каде е извршен прегледот.

## 6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 25

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на ист начин како и постапката за негово донесување.

Толкување на спорни одредби на Правилникот дава Комисијата за регистрација од прв степен, а во втор степен Извршниот одбор на ЏФСРМ.

Член 26

Со донесувањето на овој Правилник престанува да важи правилникот од 27.03.2012 година. Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател на ЏФРСМ
Владимир Трпаноски